**20250280644**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2025 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа програма во 2025 година во износ од 110.161.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), раздел 14003-Управа за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст:УХМР), ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Назив на програмски активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Програмски активности од областа на администрација | 102.861.000,00 |
| 2. | Програмски активности од областа на хидрометеоролошки работи | 7.300.000,00 |
| | Вкупно: | 110.161.000,00 |

II

Средствата од дел I точка 1 од оваа програма во износ од 102.861.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Опис на активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Активности за обезбедување на услови од правен, финансиски аспект, меѓународна соработка и активности од областа на човечки ресурси и внатрешна ревизија за реализација на другите програми во УХМР. | 102.861.000,00 |

III

Средствата од дел I точка 2 од оваа програма во износ од 7.300.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Опис на активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Мерења на квантитативните карактеристики на водите, редовна обиколка на метеоролошките станици и радарските центри и спроведување на серии за хемиска и биолошка анализа на водите | 1.000.000,00 |
| 2. | Изготвување на:<br>-хидролошки извештаи и информации од мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води, | 700.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | -дневни, декадни, месечни, сезонски, годишни и повеќегодишни метеоролошки и климатолошки извештаи,<br>-редовни и вонредни временски прогнози,<br>-хемиски и биолошки анализи на површински води од мрежата за квалитет на води | |
| 3. | Одржување на мрежата на хидролошки и метеоролошки станици, функционирање на системот за радарски мониторинг на облачните системи и одржување на опрема за следење на квалитет на води | 845.000,00 |
| 4. | Хидролошки и метеоролошки мерења и набљудувања во мрежата на станици за површински и подземни води и мрежата на метеоролошки станици | 2.950.000,00 |
| 5. | Прием и обработка на податоци од меѓународна размена за изготвување на хидрометеоролошки извештаи | 1.800.000,00 |
| 6. | Осовременување на хидрометеоролошкиот мониторинг систем, радарскиот мониторинг и осовременување на теренски мерења за квалитетот на водите | 5.000,00 |

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен вес-ник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-264/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.